Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Стојанче Иванов од Штип УП2 09-168/24 од 27 март 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија 1139495859 за период 19.12.2023-15.02.2024 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија 1139495859 за период 19.12.2023-15.02.2024 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Стојанче Иванов од Штип до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-168/24 од 27 март 2024 година против Фактура за испорачана електрична енергија 1139495859 за период 19.12.2023-15.02.2024 на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ).

Според ЕВН ХОМЕ – направена е корекција на фактури според податоци од детален извештај за отчитување.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 9 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-168/24 од 27 март 2024 година со прилог:

-Приговараната фактура

2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 16 април 2024 година со прилог:

-Извештај за отчитување на состојби

-Корегирана Фактура бр. 1140890578-4 за период 16.02.2024-15.03.2024 година

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, согласно доставениот Извештај за отчитани состојби на потрошена електрична енергија, видно е дека состојбите во приговараните фактури се во ред.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–168/24**
**18 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**